**Број 09- 106/1**
**09.01.2026 година**

Врз основа на член 84 став 1 од Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност ("Службен весник на Република Македонија" бр.37/1997, 25/000, 101/2000, 50/2001, 25/2003, 37/2004, 4/2005, 50/2006, 29/2007, 102/2008, 161/2008, 50/2010, 88/2010, 51/2011, 11/2012, 80/2012, 114/2012, 39/2014, 44/2014, 113/2014, 56/15, 129/15, 147/15, 154/15, 27/16, 119/16, 21/18, 113/18 и "Службен весник на Република Севена Македонија" бр.124/2019 и 103/2021) и Програма за социјална, детска и здравствена заштита за 2025 година точка 6.6 Програма за извршување на јавни работи во општина Штип број 08-8848/1 од 29.12.2025 година, Градоначалникот на Општина Штип, распишува:

# ЈАВЕН ОГЛАС

**за работно ангажирање на лица**
**по Програма за извршување на Јавни работи во општина Штип**

Градоначалникот на Општина Штип распишува Јавен оглас за работно ангажирање на лица по Програмата за извршување на Јавни работи во општина Штип, јавните работи ќе се организираат во обласите од:

- Во Јавното претпријатие "Исар" Штип за извршување на работи од јавен интерес и тоа:
- Одржување на чистота на јавно- прометни површини;
- Извршување на општи работи за одржување на зелените површини;
- Метење на јавно- прометни површини;
- Вршење на припремни и земјени работи за изградба, реконструкција и приклучување на водоводната и канализационата мрежа,
- Вршење на припремни и земјени работи за отстранување на дефекти на водоводната и канализационата мрежа;
- Вршење на градежни работи;

- Во ЈП „Стипион 2011'' за извршување на работи од јавен интерес и тоа:
- Чистење на локации,
- Одржување на комунални објекти;
- Одржување на хигиена на јавни површини;
- Фарбање;
- Чистење на атмосферски канали;

- Во месните и урбаните заедници за извршување на работи од јавен интерес и тоа:
- Организирање на работи поврзани со чистење на локации;
- Одржување на хигиена на јавни површини;
- Извршување на општи работи за одржување на зелени површини;

**Право на учество имаат:**

- Долгорочно евидентирани невработени лица;
- Ниско квалификувани невработени лица;
- Повозрасни невработени лица (над 55 години);
- Други лица од евиденцијата на невработени во АВРСМ;
- Ризични групи и повозрасни лица (над 55 години) и
- Пензионери

**Потребна документација која треба да се достави за овој оглас:**

Заинтересираните кандидати треба да достават:

- Пријава и
- Потврда од Агенцијата за вработување дека лицето е невработено
- Чек од пензија доколу се пензионери

**Упатство:**

Огласот трае 13 (тринаесет) работни дена од денот на објавување на огласната табла на Општина Штип заклучно со 27.01.2026 година.

Пријавите се поднесуваат во Архива на Општина Штип, секој работен ден од 07.30-15.30 часот и истите можат да се подигнат од канцеларија бр.620 во Општина Штип.

Селекцијата на заинтересираните пријавени кандидати ќе го врши Комисија формирана од страна на Градоначалникот на Општина Штип со 5 (пет) претставника, од кои од општинската администрација 2 лица, 1 (еден) претставник од ЈП "Исар" Штип, 1 (еден) преставник од ЈП „Стипион 2011" и 1 (еден) преставник од Центар за вработување-Штип.

За спроведување на работните активности за лицата предвидена е финансиска поддршка, односно бруто месечен паричен надоместок во износ од **22.500 денари** со вклучен персонален данок на доход.

Правата и обврските со избраните кандидати ќе се уредуваат со склучување на поединечни договори за работно ангажирање.

За време на вршење на јавните работи, работно ангажираните лица нема да ги изгубат правата што им припаѓаат по основ на невработеност.

Со почит,

Градоначалник
на Општина Штип
Иван Јорданов